Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр 5/02) и програмата за социјална и здравствена заштита на општина Охрид за 2022 година, Градоначалникот на општина Охрид објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за доделување на ученички, студентски стипендии како и стипендии за лица запишани на магистерски и докторски студии на државните и приватните училишта и универзитети во Република Македонија а се однесуваат на лица со ретки болести и посебни потреби во Општина Охрид за учебната 2021/2022 година**

Општина Охрид за учебната 2021/2022 година ќе додели стипендии и тоа на ученици во основно и средно образование, како и на студенти, магистранти и докторанти кои се лица со ретки болести и посебни потреби во општина Охрид

1. **Услови за доделување стипендии**

Право на стипендија имаат лицата кои се:

- жители на Општина Охрид;
- редовни ученици, студенти, запишани на магистерски и докторски студии на државните и приватни училишта и универзитети во РМ ;
-да се пациенти со ретки болести и посебни потреби категоризирани со наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфични потреби, издадено од страна на центрите или други институции кои го утврдуваат тоа;
- да не повторувале година во текот на своето образование;

2. **Потребни документи**

- Пријава
- Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби издадено од страна на центрите кои го утврдуваат истиот
- Извод на родени (копија)
- Копија од трансакциска сметка на ученикот,студентот, магистрантот или докторантот (доколку има) или на еден од родителите;
- Потврда за редовно запишана учебна години и година запишана во додипломски студии, магистерски и докторски студии;
- Изјава потпишана од родител/старател дека доставените документи се вистинити и дека ученикот не е корисник на друга стипендија или кредит од друга институција или компанија.
- Изјава потпишана од студентот, магистрантот или докторантот, дека доставените документи се вистинити и дека не се корисници на друга стипендија или кредит од друга институција или компанија.

Пријавите со документите се доставуваат по пошта во затворен коверт на адреса: **Општина Охрид ул.„Димитар Влахов“ бр.57 – Охрид со назнака „За Комисија за спроведување на постапка за доделување на ученички, студентски стипендии како и стипендии за лица запишани на магистерски и**

**докторски студии на државните и приватните училишта и универзитети во Република Македонија а се однесуваат на лица со ретки болести и посебни потреби во Општина Охрид за учебната 2021/2022 година,** или лично во архивата на општина Охрид.

.

**3.Времетраење и Висината на стипендијата**

Стипендиите се доделуваат за 9 (девет) месеци во текот на една учебна година, а ќе се исплатат во текот на 2022 година.

Износот на стипендијата изнесува 1.500,00 денари за учениците со ретки болести и посебни потреби во основно и средно образование и 3.000,00 денари за студентите, магистрантите и докторантите на државните и приватни универзитети во Р.Македонија. Стипендиите се неповратни.

**5.Рок на пријавување**

Потребните документи заедно со изјавите треба да бидат доставени најдоцна 20 дена од денот на објавување на јавниот повик.
Документите на кандидатите кои се некомплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

Општина Охрид
Градоначалник
Кирил Пецаков

# ИЗЈАВА

(ја пополнува родител – старател или студент/магистрант или докторант)

Јас, ________________________________________ од __________________,

со постојано место на живеење на ул. ________________________________

бр. _______, ЕМБГ ___________________ и број на л.к. __________________

издадена _______________ година во _________________, изјавувам под моралнa, материјална и кривична одговорност дека податоците соддржани во пријавата како и приложената документација која се бараше согласно Јавниот повик, се идентични и вистинити .

Под морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека јас или мојата ќерка-син не е корисник на стипендија од други институции или фирми.

На _________ 2022 година Изјавил

______________________

ПРИЈАВА

Се пријавувам да бидам корисник на ученички, студентски стипендии како и стипендии за лица запишани на магистерски и докторски студии на државните и приватните училишта и универзитети во Република Македонија а се однесуваат на лица со ретки болести и посебни потреби во Општина Охрид за учебната 2021/2022 година. Сметам дека ги исполнувам условите предвидени од страна на Комисијата и аргументирано ги доставувам потребните документи.

1.Презиме, татково име, име________________________________________

2.Ден, месец и година на раѓање____________________________________

3.Место на раѓање, ______________ општина ____________________

4.Постојано место на живеење

Место____________________

Улица и број______________________

Општина, држава __________________

Тел.бр. и e-mail ____________________

Училиште ______________________________

Универзитет на кој студира___________________________

Подносител на пријава

_____________________

Охрид
_________2022 год